**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2017 ГОДИНА

Изработиле:
Виолета Величковска
Тоде Темов

Скопје, февруари 2017 год.

Врз основа на член 25, став 1, алинеа 8 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр.07-124/2 од 11.02.2004 година, а во врска со член 5 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членаринарата бр.07-763/7 од 23.06.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на седница одржана на 28.02. 2017 год. донесе:

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции, како и процентот од просечната месечна нето-плата во 2016 година во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица.

Член 2

Финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции изнесува 330 денари.

Член 3

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите изнесува 15%.

Член 4

Процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за здруженијата на граѓани изнесува 10% .

Член 5

Процентот од просечната месечна исплатена нето-плата во Република Македонија за пресметка на членарината за физичките лица изнесува 5% .

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,

Претседател на Совет на ИСРМ

Леко Ристовски